08-37/4
08-08-2024

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на првото продолжение на 8-та седница одржана на ден 01.08.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предмет со бр.08-4538/1 од 09.11.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр.08-4538/1 од 09.11.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со бр.08-4538/1 од 09.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК изврши увид во својата евиденција и констатира дека лицето __________________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата в.д. Директор на __________________ не поднела изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и истите ги достави до ______________. Истата на ден 17.01.2024 година ја платила глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог.

ДКСК ‒ KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ‒ KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Изготвил:** м-р Н.Т-М, советник

Претседател
Татјана Димитровска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk